РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-8
12.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

**До: Политичка партија Левица**

**За:**

**Предмет: Одговор на Претставка, приговор со вонсудска опомена пред тужба**

Почитуван,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги внимателно ги разгледа сите аспекти на Вашата Претставка во врска со Нацрт-упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 (наш бр. УПП 03/8 од 25.03.2024). Текстот на Нацрт-упатството, за кој се водеше јавна расправа, беше изготвен во консултација со Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Државниот завод за ревизија. По Вашата претставка, беа направени и дополнителни консултации со ДИК и со Собранието и Ве известуваме за следново:

1. Упатството што го изготви Агенцијата е наменето за радиодифузерите и неговата цел е да им појасни на радијата и на телевизиите како да применуваат одредени одредби од Изборниот законик, особено во услови кога се преклопуваат кампањите за два изборни процеси.

Ниту едно од прашањата на кои се однесува Упатството не е поврзано со принципите на баланс во покривањето на изборниот процес кои се различни за овие два изборни процеси – еднаквост и пропорционалност. Имено, со (сега веќе усвоеното) Упатство се појаснува начинот на примена на правилата од Изборниот законик за лимитите за платено политичко рекламирање (кое е исклучено од принципот за баланс согласно член 75-а став 3), означувањето на нарачателот на рекламирањето, бесплатното политичко претставување на Собранискиот канал, обезбедувањето пристапност на содржините за изборниот процес за лицата со попреченост, правилата за известување во деновите на изборниот молк, како и за распределбата на времето во вести кај Јавниот радиодифузен сервис (за член 76-а став 2 во кој е пропишано дека времето во вестите се дели на точно определени проценти со што се тврди дека се обезбедува рамноправен пристап во информативната програма на ЈРС).

Нашата досегашна пракса има покажано дека за време на изборни процеси, кај радиодифузерите има несигурност како да применат различни одредби од Изборниот

законик, ова особено се однесува на член 75-ѓ став 1, што не е изненадување ако се има предвид содржината на одредбите. Затоа е потребно да се изработи документ (упатство) во кое ќе се објасни како ќе се операционализираат тие одредби во конкретниот изборен процес. Ова е особено важно во случаи кога (речиси) истовремено се спроведуваат повеќе изборни процеси, како што е случај со Претседателските и Парламентарните избори 2024 година. Вакви ситуации имало и претходно и тогаш прашањата биле уредени во еден документ, како попрактично решение за радиодифузерите. Исто така, ако ги погледнете завршните одредби на постојното Упатство (точка 27.) ќе видите дека е предвидено тоа да се дополни, зашто во периодот на неговото усвојување не беа познати податоците за подносителите на листи за Парламентарните избори. Ова дополнително ја потврдува веќе споменатата цел на документот – да им се помогне на радиодифузерите правилно да ги применат одредбите кои им се нејасни во услови на два изборни процеси.

2. Агенцијата повеќе пати има укажано дека се потребни измени на Изборниот законик, а доставила и конкретни предлози. Тие, меѓу другото, се однесувале и на платеното политичко рекламирање (ППР). Членот 75-ѓ став 1 од Изборниот законик е особено проблематичен, затоа што не говори за учесници во изборна кампања кои, согласно член 70 од Изборниот законик, единствено имаат право да организираат кампања и имаат право на рамноправен пристап и под еднакви услови да ги користат сите видови на политичка пропаганда, туку за политички партии (од власта и од опозицијата, партии што не формирале пратеничка група, и партии што не се застапени во Собранието), и секој нов изборен процес, оваа одредба одново предизвикува дилеми и различни толкувања. Освен што одредбата не е прилагодена на различните видови изборни процеси (претседателски, парламентарни и локални), таа не обезбедува ни еднакви можности за учесниците во изборите, односно ги фаворизира четирите партии од позицијата и од опозицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. Сепак, ваквиот системски пропуст не значи дека на претседателските кандидати не треба да им се овозможи ППР во рамки на ограничувањата од одредбата. Оттаму, распределбата на времето за ППР на кандидатите за претседател се врши согласно политичките партии кои го/ја поддржуваат кандидатот/ката. Ваквата поддршка, во периодот на подготовка на Упатството, беше позната, повеќепати јавно деклариран факт од страна и на кандидат(к)ите и на партиите, а се потврдува и за време на изборниот процес. Во контекст на последново, битно е да се потсети дека вкупното платено политичко рекламирање емитувано на програмите на радиодифузерите за време на Претседателските избори во 2019 година, кога сите кандидати за претседател настапуваа како независни кандидати предложени од група избирачи, а со поддршка од политички партии, беше нарачано и надоместено од средства што им припаѓаат на партиите што ги поддржуваат независните кандидати, а беа издвоени од Буџетот на државата и, согласно член 76-д став 3, исплатени од страна на Државната изборна комисија.

3. Во консултациите кои беа направени по Вашата претставка, меѓу другото, беше направен увид во допис од Собранието до ДИК во кој се дава појаснување за тоа која од партиите во Парламентот спаѓа во позиција, а која во опозиција. Бидејќи и натаму имаше нејаснотии дали политичката партија ГРОМ има свој претставник во Парламентот, Агенцијата и ДИК испратија заеднички допис до претседателот на Собранието, кој во својот одговор наведе дека политичката партија ГРОМ е застапена во Парламентот со еден пратеник. Затоа, ГРОМ и Левица, односно кандидатите за претседател/ка на државата кои ги подржуваат тие, се наоѓаат во 1-та минута наменета за политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно гласови да формираат пратеничка група.

4. Во точката 11. од документот, за која имавте забелешки, беше направена измена така што беа избришани зборовите „и покрај тоа што договорите за емитување ППР со радиодифузерите ќе ги склучуваат партиите што ги поддржуваат“, имајќи предвид дека тоа прашање не е во надлежност на Агенцијата.

На крајот, Ве потсетуваме дека распределбата на финансиските средства за платено политичко рекламирање уредена во член 76-д од Изборниот законик, воопшто не е поврзана со Упатството на Агенцијата.

Ви благодариме за Вашите забелешки и се надеваме дека со овој одговор ги појаснивме аргументите кои се основа за носењето и за содржината на Упатството.

Искрено се надеваме дека новиот парламентарен состав ќе донесе нов Изборен законик, со јасни одредби и со фер можности за изборно медиумско претставување на сите учесници во изборните процеси.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**